

ПАРТЕНИЈА ЗОГРАФСКИ бил првиот  македонски учебникар, филолог, фолклорист, културен деец, прв македонски митрополит и еден од најистакнатите црковни работници од 19 век. Се школувал во ќелијното училиште во дебарскиот манастир „Св. Јован Бигорски, потоа во Призрен, Солун и во Цариград.

Во Русија завршил семинарија и духовна академија. Се замонашил во Зографскиот манастир на Света Гора со монашкото име Партенија. Исто така, бил Кукушко-полјански епископ (1859– 1867), нишавско-пиротски митрополит (1867–1876), професор, библиотекар, автор, преведувач. Отворил книжарница во Фанар (Цариград). Како добар познавач на рускиот, латинскиот, хебрејскиот, грчкиот и францускиот јазик, се посветил на преведувачка и филолошко-учебникарска дејност. Зографски го превел „Пространото св. Климентово евангелие„ од арх. Теофилакт Охридски. Објавил два учебника на македонското наречје, студии за македонскиот јазик и фолклорни записи. Пишувал и за историјата на Охридската архиепископија.

Партенија Зографски е роден во 1818 година во Галичник. Крстеното име му е Павле Тризловски и  е првороден син на Васил и Доста. Првото образование го стекнува во ќелијното училиште во дебарскиот манастир „Св. Јован Бигорски“, а со тоа неговиот животен пат станал нераскинливо поврзан со љубовта кон Бога и кон сопствениот македонски народ.  Во 1836 година, во Охрид учел кај Димитар Миладинов. Се школувал во Призрен, Солун и во Цариград. Во 1842 година, Павле Василков се замонашил во Зографскиот манастирот на Света Гора, при што го добива монашкото име Партениј, а по манастирот го добива и презимето Зоградски. Во Русија завршил семинарија и духовна академија. Зографски својата наобразба ја стекнува во Духовната академија во

Одеса, Кипријанскиот манастир во Молдавија, семинаријата во Киев, а од 1846 до 1850 година е редовен студент во Духовната академија во Москва.

Партенија Зографски кој имал одлично образование добро говорел повеќе јазици. Како полиглот се користел со: рускиот, грчки, латинскиот, хебрејскиот, грчкиот и француското јазик. Работел во Зографскиот манастир како учител во богословското училиште, потоа како професор по црковнословенски јазик во богословското училиште на островот Халки кај Цариград. За време на својот престој во Русија бил и духовник на царскиот двор.

Неколку години по завршувањето, Партенија Зографски поставен како архимандрит од страна на цариградскиот патријарх, за потоа во 1859 година да биде поставен за кукушко-полјански епископ. Хиротонијата ја извршил солунскиот митрополит Неофит во патријаршиската црква во Цариград. Со добивањето високиот свештенички чин, Партенија Зографски станал прв македонски митрополит.

Партенија Зографски уште на самиот почеток како владика на кукушко-полјанската епископија, се заложил за воведување црковнославјански јазик во богослужбата во црквите на македонските верници, со што го намалил влијанието на грчката црква. Постојано ги обиколувал селата во епархијата, каде отварал народни училишта и го ширел славјанското влијание.

Пред неговото доаѓање во училиштата се предавало само на грчки јазик. За потребите на народните училишта тој се впушта во пишување на граматика на славјанските народи на Балканот под Турција. Во неа тој ги систематизира разликите меѓу бугарскиот и македонскиот јазик на научна основа. Автор е на повеќе дела со кои се удрени темелите на македонскиот јазик.

Сето ова ќе предизвика револт кај гркофилските чорбаџии, кои ќе се пожалат кај патријархот за неговото дејствување, притоа коментирајќи дека владиката го нема дома зошто постојано е низ епархиските села каде што отвара и гради училишта, а се мачи и со поповите учејќи ги како да ги читаат четивата на црковнославјански јазик во црквите.

Солунскиот митрополит Неофит, во 1861 година ќе го свика Синодот, на кој што ќе го обвини Партенија Зографски за антипатријаршиска дејност. Документот на митрополитот Неофит доставен до Синодот, ќе го обвини Зографски по 22 точки во кои меѓудругото и за: насилно воведување црковнословенскиот јазик во богослужбата; забрана за употреба на грчкиот јазик во црквите;  воведување на мајчиниот јазик во училишта и терање од работа на грчки учители кои не го познавале македонскиот јазик; наредил да се избрише грчкото писмо од кукушката црква и да се замени со македонски јазик;  го потикнувал населението да потпише барање епископијата да прерасне во митрополија; не дозволувал во неговата епархија да се чита патријарпиското писмо претставувајќи ја Цариградската патријаршијата како голем ан и не го споменувал името на својот претпоставен митрополитот Неофит.

Цариградската патријаршија со намера да не ги наруши дипломатските односи со руската дипломатија, на барање на рускиот амбасадор Лебанов, испраќа комисија во Кукушко-полјанската епископија за да го испита случајот Зографски. Трочлената комисијата, иако заклучува дека епископот Партениј не е виновен, туку дека напротив совесно ја извршувал службата, сепак не успева да го спречи неговото преместување. Светиот Синод на Цариградската патријаршија, со цел да го отстрани македонскиот јазик од црквата и од училиштата и да го врати грчкиот јазик, во 1867 година ќе го отстрани Партенија Зографски од епархијата, а на негово место во Кукушко-полјанската епископија за епископ ќе го назначи злогласниот Мелетиј.

Светиот Синод на Цариградската патријаршија за да го отстрани што подалеку од македонскиот народ, во замена за Кукушко-полјанската епископија ќу му го понуди митрополитското место во Нишката епархија. Како нишавско-пиротски митрополит, Партение Зографски ќе продолжи сесрдно да се залага за македонското прашање. Неможејќи да ги избегне искушенијата со кои  соочува заради своите ставови како и заради кревкото здравје во октомври 1874 година, ќе поднесе оставка на функцијата митрополит на нишавско-пиротската епархија и ќе замине за Цариград. Во ноќта меѓу 6 и 7 февруари 1876 година, во Цариград,  Партенија Зографски тивко ќе се упокои. Неговиот гроб и денес се наоѓа во познатата железна црква  „Св. Стефан“.